Audit & Business Advisory

# Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Скопје

Финансиски извештаи за 2021 година

## Извештај на независните ревизори

A member of
mgiworldwide

| Содржина | Страна |
| --- | --- |


ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ 1

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

- Биланс на приходи и расходи 3
- Биланс на состојба 4
- Извештај за промени во изворите на деловните средства 5
- Белешки кон финансиските извештаи 6

Audit & Business Advisory

Ул .1661 бр.9-50
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

До:
Раководството на

Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Скопје

# Извештај на независните ревизори

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Скопје (во понатамошниот текст „Институтот"), составени од Билансот на состојба на ден 31 декември 2021 година и Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промените во изворите на деловните средства за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

## *Одговорност на Раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија за непрофитни организации, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

## *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислање за ефективноста на внатрешна контрола на Институтот.

Ревизија, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да изразиме ревизорско мислење.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.

A member of mgiworldwide

До:
Раководството на

Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Скопје

## Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Основа за мислење со резерва***

Како што е објавено во Белешка 10 кон придружните финансиски извештаи, со состојба на 31 декември 2021 година, другите побарувања изнесуваат 101.482 илјади денари. Вклучени во овие побарувања се побарувања од членарини во вредност од 100.317 илјади денари, како и побарувања за повеќе платени даноци и придонеси во вкупен износ од 1.065 илјади денари. Врз основа на спроведените ревизорски процедури ние не бевме во можност да стекнеме разумно уверување во однос на постоењето, комплетноста и мерењето на побарувањата во износ од 101.382 илјади денари.

Ние бевме назначени за ревизори на Друштвото по 31 декември 2021 година и не бевме во можност да го набљудуваме физичкиот попис на средствата на почетокот на годината. Ние не бевме во состојба да се увериме во однос на комплетноста, постоењето и вреднувањето на основните средства на 31 декември 2021 година преку други ревизорски постапки. Поради овие прашања, ние не бевме во состојба на утврдиме дали корекции би биле потребни во однос на евидентирани или неевидентирани основни средства кои се составен дел и можат да влијаат на Билансот на состојба на ден 31 декември 2021 година и Извештајот за промените во изворите на деловните средства.

***Мислење со резерва***

Наше мислење е дека, освен за можните ефекти на кои се укажува во пасусот "Основа за мислење со резерва", финансиските извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Институтот на ден 31 декември 2021 година, како и резултатите од работењето за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствени стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации.

***Останати прашања***

Финансиски извештаи на Институтот со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2020 година се презентирани како неревидирани.

А&БА Гроуп дооел, Скопје

Овластен ревизор

Дарко Калин

15 Март 2023

Управител

Дарко Калин

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
**За годината која завршува на 31 декември 2021**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 31 декември 2021 | 31 декември 2020 |
|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи од членарини и донации | 4 | 9.517 | 10.641 |
| Пренесен вишок на приходи од претходна година | 5 | 27.179 | 22.890 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ ПРИХОДИ** | | **36.696** | **33.531** |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | |
| Материјални расходи и услуги | 6 | 942 | 1.753 |
| Оперативни расходи | 7 | 1.092 | 2.067 |
| Трошоци за вработени | 8 | 2.211 | 2.531 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **4.245** | **6.351** |
| **Вишок на приходи - Добивка пред оданочување за годината** | | **32.451** | **27.180** |
| Данок на добивка | | - | - |
| **Вишок/(кусок) на приходи над расходи за годината** | | **32.451** | **27.180** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Институтот и се потпишани од страна на:

Весна Прентоска
Претседател

**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Скопје**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**За годината која завршува на 31 декември 2021**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 31 декември 2021 | 31 декември 2020 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 9 | 30.751 | 24.560 |
| Други побарувања | 10 | 101.482 | 27.050 |
| АВР | 11 | 1.366 | 1.609 |
| | | **133.599** | **53.219** |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Нематеријални средства | 12 | 166 | 250 |
| Материјални средства | 13 | 676 | 1.169 |
| | | **842** | **1.419** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **134.441** | **54.638** |
| **ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 14 | 576 | 55 |
| Други краткорочни обврски | 15 | 156 | - |
| ПВР | | 100.417 | 25.985 |
| | | **100.514** | **26.040** |
| **ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Деловен фонд | | 693 | 1.370 |
| Резерви | | 148 | 48 |
| Вишок на приходи за пренос во наредна година | | 32.451 | 27.180 |
| **ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД** | | **33.292** | **28.598** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | | **134.441** | **54.638** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИТЕ СРЕДСТВА
**За годината која завршува на 31 декември 2021**
**Во илјади денари**

| | Деловен фонд | Резерви | Вишок на приходи над расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари 2020** | **2.049** | **23** | **22.890** | **24.962** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | - | (22.890) | (22.890) |
| Ревалоризација | - | 25 | - | 25 |
| Амортизација | (679) | - | - | (679) |
| Вишок на приходи над расходи | - | - | 27.180 | 27.180 |
| **Состојба на 31 декември 2020** | **1.370** | **48** | **27.180** | **28.598** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | - | (27.180) | (27.180) |
| Набавени основни средства | 13 | - | - | 13 |
| Амортизација | (690) | - | - | (690) |
| Ревалоризација на амортизација | - | 100 | - | 100 |
| Вишок на приходи над расходи | - | - | 32.451 | 32.451 |
| **Состојба на 31 декември 2021** | **693** | **148** | **32.451** | **33.292** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## 1. ОСНОВАЊЕ И АКТИВНОСТ

Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Скопје (Институтот) е основан на 03.11.2012 година. Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија е професионално здружение на сметководителите и овластените сметководители, основано во согласност со Законот за вршење на сметководствена дејност. Институтот се основа со цел унапредување на сметководствената професија и организирано делување.

Институтот е запишана во Централниот Регистар на Република Северна Македонија со единствен матичен број на субјектот 6829716 и со дејност согласно Решението од Централен Регистар со шифра 10.9 – останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани. Институтот е регистрирана во Регистарот на други правни лица при Централен регистар на Република Северна Македонија.

Седиштето на Институтот е на Ѓуро Стругар бр.5 Скопје, Центар.

Вкупниот број на вработени со состојба на 31 декември 2021 година изнесуваше 3 лица (31 декември 2019 година изнесувал 5 лица).

## 2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на Институтот се составени во согласност со Законот за сметководство за непрофитните организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето. Износите во билансите и белешките кон финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако во текстот не е поинаку наведено.

Компаративните износи за годината која завршува на 31 Декември 2020 година, се презентирани како неревидирани.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со одредбите од Законот за сметководство на непрофитни организации (Службен весник на РМ бр.24/2003, 17/2011, У.суд 80/2005, 154/2015), Правилникот за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 42/2003, 8/2009, 12/2009, 175/2011), Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 117/2005, 11/2006) и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр.117/2005).

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2021 и 2020 година. Функционална и известувачка валута на Институтот е македонски денар. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади денари, освен доколку не е поинаку навед

### 3.1 Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и паричните средства на жиро сметките кај комерцијалните банки. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народна Банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

### 3.2 Материјални и нематеријални средства

Во нематеријалани и материјални средства се класифицираат средствата што:

- Се држат за остварување на дејноста, и
- Се очекува да се користат повеќе од еден финансиски период и чија поединчена вредност во моментот на набавка е повисока од 300 евра во денарска противвредност.

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата. Последователно на секој датум на известување, тие се ревалоризираат со примена на официјално објавени коефициенти на ревалоризација врз нивната (ревалоризирана) набавна вредност и (ревалоризирана) исправка на вредноста. Нето ефектот од ревалоризацијата се признава на товар на изворите на деловните средства.

Изворите на деловни средства на Институтот се зголемуваат за износот на вредноста на набавени материјални и нематеријалните средства. Материјалните и нематеријалните средства се признаваат како капитален трошок во период на настанување (исплата).

Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во билансот на успех во текот на финансискиот период во кој се јавуваат.

### 3.3 Амортизација

Амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства се пресметува правопропорционално со цел да се алоцира нивната набавна вредност до нивната резидуална вредност во текот на проценетиот век на употреба, со примена на следните годишни стапки за амортизација:

Годишни стапки на амортизација кои ги применува Институтот изнесуваат: 1-2,5% за градежните објекти, 10-20% за опрема и транспортни средства, 12-16% за мебел и 25% за компјутерската опрема.

Амортизацијата се признава на товар на изворите на деловните средства. Пресметката на амортизација се врши поединечно за секое средство, а не за група на средства.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 3.4 Побарувања од купувачи

Побарувањата се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствениот документ според договорените износи, намалени за исправка на ненаплатливи побарувања.

### 3.5 Тековен и одложен данок на добивка

Данок на добивка за известувачкиот период претставува збир на тековниот и одложениот данок на добивка.

*(а) Тековен данок на добивка*

Данокот на вкупен приход се пресметува и плаќа во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарската година на износот кој надминува 1.000.000 денари.

*(б) Одложен данок на добивка*

Одложени даноци се признаваат во случај на разлики помеѓу тековните износи на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивните тековни износи согласно регулативите. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи временски разлики за кои е веројатно дека ќе се ослободат оданочливи профити. Во овие финансиски извештаи временски даночни разлики.

### 3.6 Извори на деловни средства

Изворите на деловни средства во Билансот на состојба се проценуваат според утврдена вредност на стекнатиот Деловен фонд и Ревалоризациона резерва.

### 3.7 Обврски

Обврските кон добавувачите и вработените, како и обврските за плати, даноци, придонеси и останати тековни обврски се искажуваат по нивна номинална вредност. Обврските евидентирани во девизи се пресметуваат по среден курс на НБРМ.

### 3.8 Признавање на приходи и расходи

Критериумите за признавање на приходи и расходи во Институтот се засновани врз сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени.

Приходите се признаваат во пресметковниот период во кој тие настанале, доколку се мерливи и расположливи. Приходите се мерливи доколку се определени во однос на вредност. Приходите се расположливи кога се генерирани и настанати во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов истите да се однесуваат на пресметковниот период и се користат за покривање на обврските за соодветниот пресметковен период. Расходите се признаваат во пресметковниот период во кој тие настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов поврзаните обврски да се настанати во тој пресметковен период.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 3.9 Странски валути

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски денари со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски денари по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на последниот ден од периодот на известување. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики се прикажани во билансот на успех како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на билансот на состојба деноминирани во странска валута, се следните:

| | 31 декември 2021 | 31 декември 2020 |
|---|---|---|
| 1 УСД | 50,3736 Денари | 50,2353 Денари |
| 1 ЕУР | 61,6270 Денари | 61,6940 Денари |

## 4. ПРИХОДИ ОД ЧЛЕНАРИНИ И ДОНАЦИИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Приходи од членарини | 9.517 | 10.641 |
| **Вкупно** | **9.517** | **10.641** |

## 5. ВИШОК НА ПРИХОДИ ОД ПРЕТХОДНИ ГОДИНИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходна година | 27.179 | 22.890 |
| **Вкупно** | **27.179** | **22.890** |

## 6. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ И УСЛУГИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Потрошени канцелариски материјали | 34 | 24 |
| Потрошена енергија | 34 | 76 |
| Одржување | 393 | 648 |
| Останати услуги | 87 | 239 |
| Транспортни услуги и пошта | 111 | 259 |
| Трошоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 19 | 84 |
| Наемнини | 264 | 423 |
| **Вкупно** | **942** | **1.753** |

## 7. ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Надоместоци за трошоци на работници и граѓани | 750 | 1.260 |
| Интелектуални услуги | 122 | 255 |
| Помошти, донации и други давања | - | 300 |
| Провизија за платен промет | 209 | 232 |
| Други даноци и придонеси од приходи | 11 | 20 |
| **Вкупно** | **1.092** | **2.067** |

## 8. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Вкалкулирани бруто плати | 2.211 | 2.531 |
| **Вкупно** | **2.211** | **2.531** |

## 9. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Денарски сметки во банка | 30.751 | 24.560 |
| **Вкупно** | **30.751** | **24.560** |

## 10. ДРУГИ ПОБАРУВАЊА

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Побарувања од вработени | 100 | 101 |
| Побарувања од членарини | 100.317 | 25.884 |
| Побарувања од повеќе платени даноци и придонеси | 1.065 | 1.065 |
| **Вкупно** | **101.482** | **27.050** |

## 11. АВР

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Однапред пресметани приходи | 1.366 | 1.609 |
| **Вкупно** | **1.366** | **1.609** |

## 12. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Софтвер | Вкупно |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| **Состојба на 01.01.2020** | **2.898** | **2.898** |
| Ревалоризација | 52 | 52 |
| **Состојба на 31.12.2020** | **2.950** | **2.950** |
| Набавки | 13 | 13 |
| Ревалоризација | 429 | 429 |
| **Состојба на 31.12.2021** | **3.392** | **3.392** |
| **Исправка на вредност** | | |
| **Состојба на 01.01.2020** | **1.220** | **1.220** |
| Амортизација за 2020 | 552 | 552 |
| Ревалоризација на амортизација | 32 | 32 |
| **Состојба на 31.12.2020** | **1.804** | **1.804** |
| Амортизација за 2021 | 564 | 564 |
| Ревалоризација на амортизација | 348 | 348 |
| **Состојба на 31.12.2021** | **2.716** | **2.716** |
| ***Сметководствена вредност*** | | |
| **Состојба на 31.12.2020** | **1.146** | **1.146** |
| **Состојба на 31.12.2021** | **676** | **676** |

Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

## 13. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Недвижности постројки и опрема | Вкупно |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| **Состојба на 01.01.2020** | **710** | **710** |
| Ревалоризација | 13 | 13 |
| **Состојба на 31.12.2020** | **723** | **723** |
| Ревалоризација | 105 | 105 |
| **Состојба на 31.12.2021** | **828** | **828** |
| **Исправка на вредност** | | |
| **Состојба на 01.01.2020** | **316** | **316** |
| Амортизација за 2020 | 127 | 127 |
| Ревалоризација на амортизација | 8 | 8 |
| **Состојба на 31.12.2020** | **451** | **451** |
| Амортизација за 2021 | 126 | 126 |
| Ревалоризација на амортизација | 85 | 85 |
| **Состојба на 31.12.2021** | **662** | **662** |
| ***Сметководствена вредност*** | | |
| **Состојба на 31.12.2020** | **272** | **272** |
| **Состојба на 31.12.2021** | **166** | **166** |

## 14. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 576 | 55 |
| **Вкупно** | **576** | **55** |

## 15. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ОБРСКИ

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Обврска за нето плата | 103 | - |
| Даноци за плата | 9 | - |
| Придонеси за плата | 44 | - |
| **Вкупно** | **156** | **-** |

## 16. ВОНБИЛАНСНА ИЗЛОЖЕНОСТ

Заклучно со 31 Декември 2021 година Институтот нема вонбилансна изложеност.

## 17. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По 31 декември 2021 година – датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.